# СТРАТЕШКИ ПЛАН

## ЗА ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ НА ОПШТИНА ИЛИНДЕН

## 2006-2011

*Почитувани,*

*Имајќи го предвид фактот дека воспоставување на партнерството за локален економски развој е модел кој ги вклучува локалната власт, приватниот сектор, јавните институции и претставниците на граѓанскиот сектор, тој претставуваат витален фактор за обезбедување на легитимност на стратешките и акционите планови за локален економски развој и на другите приоритетни развојни програми на локалната заедница.*

*Стратегијата за локален економски развој претставува акциона рамка која ги вклучува сите постоечки ресурси, пречки и можности и води кон еден кохерентен пристап за економски развој. Односно, стратешкото планирање претставува водич на локалната заедница кон промените, преку воспоставување приоритети и насоки за максимално искористување на ресурсите и забрзување на локалниот економски развој.*

*Стратешкото планирање е процес што бара континуирано учење и интензивна интеграција меѓу оние кои ги контролираат ресурсите и оние на кои тие им се потребни и постојана проверка и компарација на основните вредности и цели. Кога нашата визија бара многу од нас, треба да почнеме да и веруваме, а нашата волност да заземеме конкретен став е она што ни дава сила да делуваме.*

*Затоа, ако гледаме на стратешкото планирање како процес на управување што ги утврдува приоритетите и дизајнира реални стратегии за нивна имплементација, тогаш планирањето има смисла а времето инвестирано во планирањето ќе биде добро потрошено.*

*Голема благодарност до сите учесници во работната група, советниците на општина Илинден, Форумот за локален економски развој и до претставниците на Набљудувачката мисија на ОБСЕ во Скопје кои ја поддржаа нашата иницијатива за изготвувањето на овој стратешки документ од големо значење за нас.*

*Со спроведување на стратешкиот план ќе се постигнат конкретни резултати со цел Општина Илинден да прерасне во атрактивно место за живеење.*

*Со почит,*

*Градоначалник*
*Жика Стојановски*

## СОДРЖИНА НА СТРАТЕШКИОТ ПЛАН

Вовед
Визија и Мисија на Општина Илинден
SWOT анализа
Правци за развој на Општина Илинден
Акционен план 2006-2011

## ВОВЕД

Законот за локална самоуправа дава големи надлежности на локалната самоуправа во областа на локалниот економски развој. Во член 22 од Законот се истакнува дека, меѓу другото, следните работи ќе бидат во надлежност на општините: "Планирање на локалниот економски развој; подобрување на развојот и структурните приоритети; водење на локална економска политика; поддршка на развојот на мали и средни претрпијатија и претприемништвото на локално ниво и партиција и развој на локална мрежа на институции и агенции и промоција на партнерството".

Визијата често е заробена во тензијата меѓу она што заедницата и нејзините тимови сакаат и имаат потреба, и она што тие реално можат да го направат. Затоа, употребено на вешт и мудар начин, стратешкото планирање може да и помогне на локалната заедница да се фокусира на донесување ефективни одлуки и преземање активности што ја унапредуваат мисијата на локалната заедница, со цел исполнување на надлежностите на локалната самоуправа на во корист на сите заинтересирани страни. Со други зборови, овој процес на стратешко планирање е спроведен во одредено време, преку ангажирање на група од посветени поединци што се загрижени за иднината на локалната заедница. Тоа ги охрабрува да се здружат, со цел да погледнат повторно на тоа каде биле, каде се и каде сакаат да бидат во иднина. А тоа им обезбедува начин и процес за размислување и делување на организиран, креативен и продуктивен начин.

За таа цел, стратешкиот план за локален економски развој на Општина Илинден ги дефинира стратегиите и политиките за градење на економските капацитети на локалната средина со цел подобрување на економската иднина и квалитетот на живот во заедницата и граѓаните.

Стратешкиот план за локален економски развој на Општина Илинден се состои од следните два клучни елементи кои се неопходни за локалниот економски развој.

1.Главни стратешки цели за иден економски развој на локалната заедница, кои обезбедуваат рамка и логистика за имплементација на програмите, проектите и активностите.

2.Активности, односно мерки и програми потребни за имплементација на конкретните стратешки цели, односно програми и проекти со цел целосно реализирање на утврдените стратешки цели.

Со цел изготвување на стратешкиот план за локален економски развој, беше формирано партнерство за локален економски развој на ниво на локалната заедница. Мобилизираното партнерство претставуваше главен извор и изготвувач на стратешкиот документ. Формираното партнерство се состои од претставници од општинската администрација, членови на Советот на општината, деловниот сектор, јавниот сектор, како и невладиниот сектор од општината.

Методологијата за подготовка на стратешкиот план за локален економски развој се базираше врз заедничка работа на четири одржани работилници, со цел изготвување на стратешкот документ преку дефинирање на стратешките цели и планови за нивна имплементација.

1.Стратешка анализа на постоечката состојба т.е. SWOT анализа;

2. Тековниот процес на децентрализација во Република Македонија;

3.Подготовка на стратегија базирана на постоечките економски ресурси во Општина Илинден.

Стратегијата за локален економски развој содржи и акционен план за имплементација на секоја стратешка цел, како и временска рамка за секоја конкретна цел.

Исто така, беше одржан и еднодневен завршен работен состанок во поширок состав со цел да се процени прогресот од процесот на планирање и да се потврди посветеноста на сите инволвирани страни. Овој документ ќе послужи на Советот на општина Илинден и на Градоначалникот како водич во донесување на одлуки и програми за локален економски развој. Деловниот и невладиниот сектор користејќи го овој стратешки документ, ќе ги имаат пред себе основните рамки на делување, како во однос на можностите за инвестирање во Општина Илинден, така и во однос на јакнење на учеството на граѓанскиот сектор во развојни активности.

*Не постои помоќна машина што ја*
*движи заедницата кон извонредност*
*и кон долгорочен успех од атрактивна,*
*вредна и остварлива визија за*
*иднината што е широко споделена*

*Берт Нанус*

## ВИЗИЈА

До 2011 година, Илинден да прерасне во урбана, атрактивна и конкурентна општина во регионот и пошироко, со создадени услови за одржлив економски и социјален развој, како и квалитетен живот на населението.

## МИСИЈА

Мисијата на Општина Илинден има за цел да обезбеди одржлив развој користејќи ги расположивите природни ресурси и човечки потенцијали насочени кон создавање на просперитетна иднина на целокупното население и заедницата.

Општина Илинден во остварувањето на својата мисија е насочена кон:

1. Создавање на современа и комплетна инфраструктура и ефикасни јавни услуги за потребите на граѓаните и стопанството;
2. Создавање на поволни услови за одржлив економски развој и создавање на поволна инвестициона клима и отварање на нови работни места;
3. Зајакнување и промовирање на релациите на партнерства помеѓу јавниот и приватниот сектор;
4. Искористување на локалните ресурси и создавање услови за рекреативен и транзитен туризам;
5. Развивање на образовниот процес, културата, здравството, спортот и заштита на животната средина во насока на подобрување на квалитетот на живеење во Општината.

## SWOT АНАЛИЗА

| Предности | Слабости |
|---|---|
| * Добра геостратешка позиција со близина до Скопје и лоцираност на скопскиот аеродром;<br>* Добра стратешка геополитичка положба (коридор 8 и 10);<br>* Добра железничка и магистрална поврзаност со Србија и Грција;<br>* Постоење на функционални економски зони;<br>* Голема површина на обработливо земјоделско земјиште;<br>* Изграден хидромелиоративен систем ;<br>* Висок процент на расположива работна сила и производствени капацитети ;<br>* Разновидни индустриски капацитети;<br>* Добро развиени примарни, секундарни и терцијарни бизниси;<br>* Воспоставени деловни односи ; | * Недоволно развиена локална патна инфраструктура;<br>* Непостоење на атмосферска и фекална канализација;<br>* Ниско развиена свест за заштита на животната средина;<br>* Непостоење на филијали на банки и штедилници;<br>* Недоволна искористеност на земјоделското земјиште и индустриските капацитети;<br>* Висок процент на дневна миграција на населението;<br>* Недостиг од центри за грижа на деца (градинки);<br>* Недоволен пристап до нови технологии и истражувања;<br>* Недоволна едуцираност и информираност на граѓаните;<br>* Невработеност и низок животен стандард; |

| Можности | Закани |
| --- | --- |
| * Формирање на меѓуопштинско ЈКП;<br>* Воспоставување на едношалтерски систем;<br>* Воспоставување гасификација, топлификација и енергетика<br>* Развивање на рекреативен и транзитен туризам;<br>* Регионално економско поврзување;<br>* Збратимување со општини од други земји;<br>* Промовирање на економските можности и капацитети во општината и привлекување на домашни и странски инвеститори;<br>* Изградба на обиколница Скопје;<br>* Формирање на бизнис асоцијација;<br>* Изградба на канализационен систем за прифаќање и третман на отпадни води;<br>* Формирање на агро-берза;<br>* Формирање на мрежа на јавно-приватно партнерство;<br>* Финализирање на коридорите 8 и 10<br>* Државното неизградено земјиште да биде во сопственост на општината;<br>* Стимулирање на економскиот развој и воведување соодветна општинска даночна политика;<br>* Искористување на алтернативни извори на енергија<br>* Профункционирање на економска зона Бунарџик; | * Неправилна распределба на финансиските средства од страна на централната власт;<br>* Недоследности во законската регулатива;<br>* Нецелосно пренесени надлежносто од централно на локално ниво;<br>* Непостојан напон на електрична енергија (ЕСМ);<br>* Лоша макроекономска политика;<br>* Лоша кредитна и монетарна политика;<br>* Нелојална конкуренција;<br>* Увозна зависност на компаниите;<br>* Загадување на животната средина;<br>* Рестриктивен визен режим; |

## ПРАВЦИ ЗА РАЗВОЈ НА ОПШТИНА ИЛИНДЕН

После сеопфатно извршените анализи на податоците од Профилот на општината и резултатите од SWOT анализата, а посебно имајќи ги во предвид и природните ресурси со кои располага општина Илинден, членовите на работната група се согласија дека Стратешкиот план за локален економски развој на општина Илинден треба да се однесува за периодот од 2006 до 2011 година. Следните приоритетни области за развој беа идентификувани:

1. Инфраструктурата ;
2. Јавни услуги;
3. Образование;
4. Економски развој;
5. Рурален развој

Врз основа на идентификуваните приоритетни области за развој, издвоени се следните клучни прашања, одосно проблеми:

| Инфраструктура | Јавни услуги | Образование | Економски развој | Рурален развој |
|---|---|---|---|---|
| * Непостоење на канализационен систем за прифаќање и третман на отпадните води, фекалните и атмосферските води | * Непостоење на поликлиника | * Лоши услови и стандарди за функционирање на училишната настава | * Недоволна искористеност на економските зони | * Недоволно и неправилно искористување на земјоделското земјиште |
| * Лоша состојба на патната инфраструктура | * Непостоење на градинки | * Непостоење на средно училиште на територијата на општина Илинден | * Низок степен на јавно-приватно партнерство | * Непостоење на агро-берза |
| * Лоша сигналистика и сигнализација на улиците | * Недоволен обем на комунални услуги | * Недоволно развиен културно-едукативен центар за младите | * Непостоење на мрежа на мали и средни претпријатија | * Непостоење на развојни проекти во руралните области и области кои се разгледуваат како рурални: земјиште надвор од границите на урбанистичкиот план, вклучувајќи ги земјоделските области, природните ресурси и руралните села |
| * Нецелосна снабденост со здрава и чиста вода за пиење на сите домаќинства | | | * Недоволна промоција на потенцијалите и ресурсите на општината | *Немање на рекреативен и транзитен туризам |
| | | | * Непостоење на финансиска инфраструктура за потребите на граѓаните и стопанските субјекти | |

АКЦИОНЕН ПЛАН 2006-2011

| I. ОБЛАСТ | ИНФРАСТРУКТУРА | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Крајна цел 1:** | Изграден систем за прифаќање, третман и одведување до реципиентот на отпадните фекални и атмосферски води на територијата на општина Илинден | | | | | | | | |
| Конкретни цели | Акционен чекор | Индикатори | Одговорни субјекти | Временска рамка | | | | | |
| | | | | 2006 | 2007 | 2008 | 2009 | 2010 | 2011 |
| 1. Да се изгради канализационен систем и пречистителни станици за прифаќање, третман и одведување до реципиентот на отпадните фекални и атмосферски води | Изработка на студија за канализационен систем(и) за прифаќање на отпадните води | * % на изработка на Студијата, инвестиционо-техничката документација и главните проекти за канализациониот систем и построенијата за третман на отпадни води<br>* Должина на изграден канализационен систем<br>* Број на изградени пречистителни станици за пречистување и прифаќање на отпадните води<br>* Број на приклучени домаќинства на канализациониот систем | Општина | ● | | | | | |
| | Изработка на инвестиционо-техничка документација за изградба на постројки за третман на отпадни води | | Општина | ● | | | | | |
| | Изработка на главни проекти за канализационен систем(и) за прифаќање на отпадните води | | Општина | | ● | | | | |
| | Изградба на канализационен систем(и) и пречистителни станици за прифаќање и третман на отпадните води и спроведување до корисниците | | Општина | | ● | ● | ● | ● | ● |

АКЦИОНЕН ПЛАН 2006-2011

| Крајна цел 2: | Реконструирани локални патишта и асфалтирани локални улици | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Конкретни цели | Акционен чекор | Индикатори | Одговорни субјекти | Временска рамка 2006 | 2007 | 2008 | 2009 | 2010 | 2011 |
| 1. Реконструкција на локалните патишта | Изготвување на проекти и објавување на тендери | * Број на изготвени проекти<br>* Должина на реконструирани локални патишта | Општина | ● | ● | ● | ● | ● | ● |
| | Изготвените проекти и финансиските конструкции да влезат во годишните програми | | Совет на општината | ● | ● | ● | ● | ● | ● |
| 2. Асфалтирање на локалните улици | Изготвување на проекти и објавување на тендери | * Должина на асфалтирани локални улици | Општина | | ● | ● | | | |
| | Изготвените проекти и финансиската конструкција да влезат во годишните програми | | Совет на општината | | ● | ● | ● | ● | ● |

| Крајна цел 3: | Подобрена сигналитиката и сигнализацијата на улиците | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Конкретни цели | Акционен чекор | Индикатори | Одговорни субјекти | Временска рамка 2006 | 2007 | 2008 | 2009 | 2010 | 2011 |
| 1. Сигнализација на патиштата | Имплементација на подготвен проект | * Време на имплементација на проектот<br>* Поставена сигнализација на сите патишта во општина Илинден | Општина | ● | ● | ● | ● | ● | ● |

АКЦИОНЕН ПЛАН 2006-2011

| II. ОБЛАСТ | ЈАВНИ УСЛУГИ | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Крајна цел 1:** | Ефективни и ефикасни здравствени услуги за граѓаните | | | | | | | | |
| Конкретни цели | Акционен чекор | Индикатори | Одговорни субјекти | Временска рамка 2006 | 2007 | 2008 | 2009 | 2010 | 2011 |
| 1. Да се обезбеди 24 часовна здравствена заштита и зголемување на пакетот на здравствени услуги за граѓаните | Да се изготви проект за изградба , односно адаптација на постоечки објекти за поликлиника | * % на изработка на проектот * Обезбедена 24 часовна здравствена заштита на граѓаните * Број на зголемени пакет здравствени услуги за граѓаните | Општина, Министерство за здравство | | ● | ● | ● | ● | ● |
| | Изготвување на финансиска конструкција и обезбедување на финансиски средства | | Општина, Министерство за здравство | | ● | ● | ● | ● | ● |
| **Крајна цел 2:** | Изграда и пуштање во употреба на градинка | | | | | | | | |
| Конкретни цели | Акционен чекор | Индикатори | Одговорни субјекти | Временска рамка 2006 | 2007 | 2008 | 2009 | 2010 | 2011 |
| 1. Изградба на градинка | Донесување на основачки акти за изградба на градинка | * Донесени основачки акти за изградба на градинка * % на изработка на проектот * Изградена една градинка која функционира на територијата на Општина Илинден | Општина, Совет на општина | | ● | | | | |
| | Да се изготви проект и финансиска конструкција | | Општина | | ● | | | | |
| | Изградба на градинка и пуштање во функција | | Општина, Совет на општина | | | ● | ● | | |

АКЦИОНЕН ПЛАН 2006-2011

| Крајна цел 3: | Проширивање со нови услуги ЈКП во општина Илинден | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Конкретни цели | Акционен чекор | Индикатори | Одговорни субјекти | Временска рамка | | | | | |
| | | | | 2006 | 2007 | 2008 | 2009 | 2010 | 2011 |
| 1. ЈКП Илинден да се прошири со следните комунални услуги: одржување и стопанисување со гробишта и пазари и одржување на канализација | Информирање на јавноста за одржување и стопанисување со гробишта од страна на ЈКР | *Број на информирани граѓани<br>*Број на преземени мерки | Совет на општината, Месни заедници, Црква | | 2007 ● | 2008 ● | 2009 ● | 2010 ● | 2011 ● |
| | Преземање на мерки и активности за извршување на надлежностите на ЈКП | *Број на опфатени локации и населени места каде ЈКП врши одржување и стопанисување со гробишта и пазари | ЈКП и Општина | | 2007 ● | 2008 ● | 2009 ● | 2010 ● | 2011 ● |

АКЦИОНЕН ПЛАН 2006-2011

| III. ОБЛАСТ | ОБРАЗОВАНИЕ | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Крајна цел 1:** | Подобрување на условите и стандардите за одржување на училишна настава во основните училишта | | | | | | | | |
| Конкретни цели | Акционен чекор | Индикатори | Одговорни субјекти | Временска рамка 2006 | 2007 | 2008 | 2009 | 2010 | 2011 |
| 1. Реконструкција и санација на училиштата | Детална проценка на потребата од реконструкција и санација на училиштата и подготовка на финансиска конструкција | * Извршена проценка на училиштата<br>* Извршена реконструкција и санација на училиштата | Општина, Совет на општина и Училишен одбор | 2006 | | | | | |
| | Реконструкција и санација на училиштата | * Број на реконструирани училишта<br>* Број на санирани училишта | Општина, Министертство за образование | | 2007 | 2008 | 2009 | 2010 | 2011 |
| **Крајна цел 2:** | Функционирање на средно училиште | | | | | | | | |
| Конкретни цели | Акционен чекор | Индикатори | Одговорни субјекти | Временска рамка 2006 | 2007 | 2008 | 2009 | 2010 | 2011 |
| 1. Основање на средно училиште | Донесување на основачки акти за функционирање на средно училиште | * Донесена одлука за отварање на средно училиште во општина Илинден<br>* Избрана локација/простор за средно училиште<br>* Изготвен проект<br>* % изграденост на објектот за средното училиште | Совет на општината, Министерство за образование | | 2007 | 2008 | 2009 | 2010 | 2011 |
| | Одредување на простор/локација, подготовка на проект и започнување со градба на објект за средно образование | | Градоначалник, Совет на општина | | 2007 | 2008 | 2009 | 2010 | 2011 |

АКЦИОНЕН ПЛАН 2006-2011

| Крајна цел 3: | Успешно функционирање на културно-едукативниот центар за млади | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Конкретни цели | Акционен чекор | Индикатори | Одговорни субјекти | Временска рамка | | | | | |
| | | | | 2006 | 2007 | 2008 | 2009 | 2010 | 2011 |
| 1. Обезбедување услови за едукација на младите | Изготвување и имплементација на едукативно развоен план за младите | * % на изготвеност и имплементација на едукативно развоен план за младите<br>* Број на едуцирани млади | Советот на општината | ● | ● | ● | ● | ● | ● |
| | Изградба на Културен дом | % на изграденост на културниот дом | Општина | | ● | ● | ● | | |
| | Изградба на спортска сала | % на изграденост на спортската сала | Општина | | ● | ● | | | |

АКЦИОНЕН ПЛАН 2006-2011

| IV. ОБЛАСТ | ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Крајна цел 1: | Подобрување на бизнис клима | | | | | | | | |
| Конкретни цели | Акционен чекор | Индикатори | Одговорни субјекти | Временска рамка | | | | | |
| | | | | 2006 | 2007 | 2008 | 2009 | 2010 | 2011 |
| 1. Привлекување на нови инвестиции како и подршка и развој на постоечките | Просторно планирање во функција на економскиот развој | * Број на привлечени нови инвестиции<br>* % на проширени и развиени постоечките деловни субјекти | Градоначалник, патиципативно тело за урбанистичко планирање Совет на општината и Форум за ЛЕР | 2006 | | | | | |
| | Измена и дополнување на урбанистичкиот план | | Одделение за урбанизам, патиципативно тело за урбанистичко планирање и Советот на општината | 2006 | 2007 | | | | |
| | Елаборат за привлекување на домашни и директни странски инвестиции | *% на изработеност на елаборатот за привлекување на домашни и директни странски инвестиции<br>* Број на инфраструктурно уредени индустриски зони | Општина | 2006 | 2007 | | | | |
| | Развој на инфраструктурата за уредување на индустриските зони | | Општина | 2006 | 2007 | | | | |

АКЦИОНЕН ПЛАН 2006-2011

| Крајна цел 2: | Имплементација на проект преку јавно-приватно партнерство | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Конкретни цели | Акционен чекор | Индикатори | Одговорни субјекти | Временска рамка | | | | | |
| | | | | 2006 | 2007 | 2008 | 2009 | 2010 | 2011 |
| 1. Зајакнување и поддршка Јавно-приватно партнерство | Јакнење на институционалните капацитети | *% на зголемување институционалните капацитети | Општина | 2006 | | | | | |
| | Регионален развој во функција на јакнење на јавното-приватно партнерство | *Број на реализирани проекти преку јавно-приватно партнерсво од различни области | Градоначалник,Совет на општината | 2006 | | | | | |
| | Прекугранична соработка | *Број на општини од други земји со кои е извршено збратимување | Градоначалник,Совет на општината | 2006 | | | | | |
| | Формирање комисии и под-комисии во Форумот за ЛЕР со цел реализација и следење на проекти од различни области | *Формирани комисии во Форумот за ЛЕР со цел реализација и следење на проекти од различни области | Форум за ЛЕР и Градоначалник | 2006 | | | | | |

## АКЦИОНЕН ПЛАН 2006-2011

| **Крајна цел 3:** | Формирање и успешно функционирање на Бизнис здружение | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Конкретни цели | Акционен чекор | Индикатори | Одговорни субјекти | Временска рамка | | | | | |
| | | | | 2006 | 2007 | 2008 | 2009 | 2010 | 2011 |
| 1. Формирање на локално бизнис здружение | Иницијативата за формирање на бизнис здружение на мали и средни претпријатија | * Број на членови (локални и регионални деловни субјекти) во бизнис здружението | Одделение за ЛЕР и Форум за ЛЕР | 2006 | | | | | |
| | Правна помош и регистрација на бизнис здружението | *Регистрација на бизнис здружение<br>*Формирано регионално бизнис здружение со седиште во општина Илинден | Одделение за правни и општи работи од општина | 2006 | 2007 | | | | |
| | Иницирање и поддршка на формирање регионално бизнис здружение со седиште во општина Илинден | | Општината, Форум за ЛЕР и Бизнис здружение | | 2007 | | | | |

АКЦИОНЕН ПЛАН 2006-2011

| Крајна цел 4: | Промоција на општината за економските потенцијали и ресурси | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Конкретни цели | Акционен чекор | Индикатори | Одговорни субјекти | Временска рамка 2006 | 2007 | 2008 | 2009 | 2010 | 2011 |
| 1. Подобрување на информираноста на потенцијалните инвеститори (презентирање и лобирање) | Надградба и проширување на веб страната на општината, развивање на инфраструктура за информатичка техологија, вклучувајќи интерактивна веб страница и интернет | * % на зголемена промовираност на општината<br>* Број на изготвен и дистрибуиран промотивен материјал | Општината | ● | ● | ● | ● | ● | ● |
| | Изготвување и дистрибуција на промотивен материјал | * Број на извршени презентации и лобирања на општината<br>* Број на медиуми опфатени за резентирање на економските потенцијали и ресурси на општина Илинден | Општината | ● | ● | ● | ● | ● | ● |
| | Презентирање и лобирање на општината | | Бизнис здружение, Форум за ЛЕР, Општина | ● | ● | ● | ● | ● | ● |
| | Изготвување на просторен и географско-информативен систем | | Одделение за урбанизам и Одделение за ЛЕР | ● | ● | ● | ● | ● | ● |
| | Медиумско презентирање на економските потенцијали и ресурси на општина Илинден | | Општина | ● | ● | ● | ● | ● | ● |
| | Поставување на рекламно пано/табла пред влезот на општината | * Посатвено рекламно пано/табла пред влезот на општината | Општина | ● | ● | | | | |
| | Печатење и издавање на општински информатор | * Број на печатени и издадени општински информатори | Општина | ● | ● | ● | ● | ● | ● |

АКЦИОНЕН ПЛАН 2006-2011

**Крајна цел 5:** Ефикасни финансиски услуги на граѓаните и стопанските субјекти

| Конкретни цели | Акционен чекор | Индикатори | Одговорни субјекти | Временска рамка 2006 | 2007 | 2008 | 2009 | 2010 | 2011 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. Отварање на филијали на комерцијални банки и пошти | Обезбедување на локации за филијали на комерцијални банки и пошти | * Број на локации за филијали на комерцијални банки и пошти<br>* Број на отворени филијали на банки на територијата на општина Илинден<br>* Број на извршени презентации за отварање на филијали на комерцијални банки и пошти<br>* Број на опфатени субјекти со презентациите | Општината | | 2007 | | | | |
| | Презентација на потребите на општината за отварање на филијали на комерцијални банки и пошти | | Општина и Форум за ЛЕР | | 2007 | | | | |

АКЦИОНЕН ПЛАН 2006-2011

| V. ОБЛАСТ | РУРАЛЕН РАЗВОЈ | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Крајна цел 1:** | Одгледување на нови земјоделски култури кои носат поголеми приноси | | | | | | | | |
| Конкретни цели | Акционен чекор | Индикатори | Одговорни субјекти | Временска рамка | | | | | |
| | | | | 2006 | 2007 | 2008 | 2009 | 2010 | 2011 |
| 1. Правилно искористување на земјоделското земјиште | Формирање на посебна комисија за развој на земјоделието како дел од Форумот за ЛЕР | * Формирана Комисија<br>* Формирани здруженија на земјоделци<br>*% искористување на земјоделското земјиште<br>*% на изготување на Физибилити студијата за развој на земјоделието<br>*Број на реализирани работилници за едукација на земјоделците<br>* Број на опфатени земјоделци со работилниците | Претседател на Форум за ЛЕР и Градоначалник | 2006 | | | | | |
| | Поттикнување на иницијатива за формирање на Здруженија на земјоделци | | Претседател на Форум за ЛЕР и Комисија за развој на земјоделие | 2006 | | | | | |
| | Изготвување на Физибилити студија за развојот на земјоделието | | Општина, Комисија за развој на земјоделие и Претседател на Здружение на земјоделците | | 2007 | | | | |
| | Едукација на земјоделците | | Здружение на земјоделци | | 2007 | 2008 | 2009 | 2010 | |

АКЦИОНЕН ПЛАН 2006-2011

| **Крајна цел 2:** | Формирање и функционирање на регионална агро-берза | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Конкретни цели | Акционен чекор | Индикатори | Одговорни субјекти | Временска рамка | | | | | |
| | | | | 2006 | 2007 | 2008 | 2009 | 2010 | 2011 |
| 1.Формирање на Регионална агро-берза | Изготвување на Стратегија за развој на агро-берза | *Изготвена Стратегија за развој на агро-берза<br>* Број на оптштини од регионот како корисници на регионалната агро-берза<br>*Број на презентации на стратегијата<br>*Број на заитересирани инвсетитори | Комисија за развој на земјоделие и Градоначалник | | | 2008 | | | |
| | Презентација на стратегијата, лобирање и привлекување на инвеститори | | Општина | | | 2008 | 2009 | 2010 | 2011 |

| **Крајна цел 3:** | Функционирање на рекреативен и транзитен туризам | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Конкретни цели | Акционен чекор | Индикатори | Одговорни субјекти | Временска рамка | | | | | |
| | | | | 2006 | 2007 | 2008 | 2009 | 2010 | 2011 |
| 1.Езеро,,Бучинци,, | Развоен проект за ревитализација и искористување на езерото ,,Бучинци,, како природен ресурс | Изготвен Развоен проект за ревитализација и искористување на езерото ,,Бучинци,, како природен ресурс | Општина | | 2007 | 2008 | 2009 | | |
| 2.Излетничко-Рекреативен центар | Изработка на урбанистички план | *Изработен урбанистички план<br>*Време на изработка на Проектот<br>*Број на корисници и посетители | Општина Совет на Општина | | 2007 | 2008 | 2009 | 2010 | |
| | Подготовка на проект | | | | 2007 | 2008 | 2009 | 2010 | |
| | Изградба и упраување со рекреативно-излетничкиот центар | | | | | 2008 | 2009 | 2010 | 2011 |